# С О О П Ш Т Е Н И Е

Одборот за доделување на државната награда „Мито Хаџи Василев- Јасмин”, во согласност со Законот за државните награди, Законот за изменување и дополнување на Законот за државните награди („Службен весник на Р.М.” бр.52/06,бр.54/07, 74/12, 99/18 и Сл. весник на РСМ бр. 98/19 ), и член 8 став 3 од Правилникот за работа, Одборот за доделување на државната награда „Мито Хаџи Василев - Јасмин”, на седницата одржана на 26.11.2019 година донесе:

## О Д Л У К А

1. Одборот за доделување на државната награда „Мито Хаџи Василев -Јасмин”, одлучи во 2019 година државната награда „Мито Хаџи Василев -Јасмин”, која се доделува за остварувања во областа на публицистиката и новинарството од интерес на Република Северна Македонија да не се додели на ниту еден од пријавените кандидати.
2. Одборот одлучи како во точка 1 од оваа Одлука со оглед на тоа што ниту еден од кандидатите не го доби потребното мнозинство гласови за добитник на државната награда „Мито Хаџи Василев-Јасмин“ за 2019 година.
3. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

**Претседател на Одборот**
**за доделување на државната награда**
**“Мито Хаџи Василев - Јасмин”,**
**Катерина Блажевска**


Министерство за културана
Република Северна Македонија

Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија

Rr.”Gjuro Gjakoviq” nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643
www.kultura.gov.mk